**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-195
03.05.2018 год.
СКОПЈЕ

FON
FIRST PRIVATE
UNIVERSITY

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 204**

**Скопје, 03.05.2018**

# С О Д Р Ж И Н А:


1. Рецензија за избор на еден наставник од научните области јавна администрација и казнено право.....................................................3179
2. Рецензија за избор на еден наставник од научната област Казнено процесно право и Криминалистика.........................................................................3184


Н. Дамовска

# **Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИ ОД **ОБЛАСТА НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА И КАЗНЕНО ПРАВО** НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ ПРИ ПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ ФОН

Со одлука бр. 13-1231/12 од 12.09.2017 година на Наставно-науниот совет на Факултетот за правни науки, формирана е Рецензиона комисија за избор на наставник **од областа на Јавна администрација и Казнено право** во состав:

1. проф. д-р Стефан Буџакоски - претседател
2. проф. д-р Бајрам Положани- член
3. доц. д-р Татијана Ашталкоска - член

По разгледување на поднесената документација што ни беше доставена, Рецензионата комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки, го поднесува следниот:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот што Факултетот за правни науки Скопје, го објави во весникот Слободен печат на ден 20. 12. 2017 година за избор на наставник **од областа на Јавна администрација и Казнено право** се пријави кандидатот:

1. д-р Митасин Беќири

Врз основа на доставените документи го констатираме следното:

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

### *1.1 д-р Митасин Беќири*

Од биографските податоци на кандидатот се гледа дека е роден на 15.12.1961 година во с. Добридол, Гостивар. Завршил додипломски студии во Приштина во 1990

година на Факултетот за правни науки при Универзитет Приштина. Во 2005 година го положил правосудниот испит при Министерството за правда. Во 2006 година ги завршува последипломските студии и со одбрана на магистерската теза **„Организација и состојба во пенитенсиарните институции во БЈРМ„** се стекнува со право на стручен назив Магистер на правни науки. Во 2010 година на Универзитетот на Југоисточна Европа –Тетово по одбрана на докторската дисертација, под наслов: „ **Ресоцијализација на осудените лица осудени на казна затвор во пенитенцарните институции во Република Македонија„** се стекнува со научен степен Доктор на науки. Активно зборува англиски јазик а мајчин му е албанскиот јазик. Митасин Беќири по дипломирањето има работено како предавач во Основното Училиште во село Добридол, додека од 1993 година до 2000 година има работено во Министерство за труд и социјална политика – подрачна единица Гостивар како референт за општествена заштита на деца. Во Општина Неготино- Полошко ја вршел функцијата секретар на Советот на општината во период од 1996 – 2000 година. Во месец јуни 2000 година се именува како заменик на Управата за Извршување на кривичните санкции при Министерство за Правда – Скопје. Од јануари 2001 година , до ноември 2002 година ја извршува функцијата Директор на Управата на Кривичните санкции при Министерството за правда. Од ноември 2002 година ја извршува задачата раководител на одделението за обезбедувањето на Казнено- поправните Установи и Воспитно-поправните Домови во Република Македонија. Во својство на Директор на Управата за извршување на кривичните санкции на Република Македонија има учествувано во разни конференции, симпозиуми, како и во други национални и меѓународни семинари за проблематиката на извршување на санкциите и организацијата на затворите. Во јули 2002 година има учествувано со излагање во седиштето на ОБСЕ во Виена, во врска со подобрување на третманот на осудените лица во КПУ во Р. Македонија. Потоа во ноември 2002 година учествувал на 13-та Конференција на Директорите на затворите во Европа одржана во Стразбур каде ја има презентирано „Организацијата и состојбата на КПУ на Р. Македонија„. Има раководено со 17 симпозиуми и семинари со национален карактер на државен ниво.

Во својство на Директор на Управата бил на неколку професионални посети на пенитенцијаните институции и тоа во Република Германија, република Турција, Република Хрватска и други земји.

Во 2006 година се именува Заменик на Директорот на Казнено- поправниот Дом Идризово до август 2008 година, меѓувреме се враќа во управата како раководител на одделението за третман на осудените лица и надзорот на пенитенцијарните институции.

Во своето академско работно искуство кандидатот бил ангажиран како предавач на Факултетот на јавна администрација и политички науки при Универзитетот на Југоисточна Европа –Тетово на предметите од казнено правна област во период од 2006-2012 година. Во текот на 2011-1012 година била ангажиран како предавач на Европски Колеџ, Печ. Во период од 2008-2009 година бил ангажиран како предавач на Факултет за бизнис администрација, Куманово.

Кандидатот во својата издавачка дејност во 2007 година ја издал монографијата „Организација и состојба на пенитенциарните институции во Р.М.„ Албериа дизајн, Тетово. Меѓу позначајни објавени научни трудови од областа се издвојуваат:

1. Veshtrim komparativ per organizimin e institucioneve penitenciare neper disa shtete te botes, Reviste studimore –shkencore interdisciplinare Nentor -2017 Buletini shkencor –"Dardania'',Nr 7 ISSN-1800-9794, COBBIS.CG-ID 20683538, Qendra kerkimore zhvillimore –Peja fq:47 International conference –"Fostering sustainable Development through creation of knowledge Society",17-18 May ,2014 (Conference Proceedings,ISSN -2336-9965,Cobiss CG –ID 25044240)403
2. Pranimi i personave te denuar ne Shnk ne Republiken e Maqedonise
Priem na osudenite lica vo kpu –vpu vo Republika makedonija
Receipt of convicted persons in KPU –VPU In Macedonia UDC 343.81 CENTRUM 2
3. Compliance of the standarts in South –Eastern European countries with the harmonized standarts of European Union.June 15th-16th,2014 Peja ,Republic of Kosovo
4. Penal charachteristics of customs fraud, Vizione 22/2014
5. Research in Securuty Policies and criminology,
Servation and Study of the convicted persons at the Penitentiary Institutions of the Republlic of Macedonia
6. Penal Characteristics of Customs Fraud, International magazine for social science "Vizione" Skopje, nr 22/2014.
7. Прием на осудените лица во КПУ-ВПУ во Република Македонија, научно списание Центрум, 2/2014.
8. The internal control mechansims of the police in Macedonia, macedonia and the Balkans, a hunderds years after the world war 1 – Security and Euro-Atlantic Integrations, Book of abstracts, June 2014, Ohrid.Makedonija i Balkanot 100 godini od prvata svetska vojna – Bezbednost i Evroatlanski integracii
9. Some open issues concerning the resocialization of the convicted people, Regional Science Conference with International Participation, 17-18 May, 2014, Peja Republic of Kosovo, Year 4, no 4. (Impact factor).

Во својата научна кариера зел усество на повеќе конференции и тоа:

**1.** Организација на казнено-поправните институции во светот - Компаративен осврт, Пеќ, Република Косово, издавачката конференција дека научните IV бр 7, 24-25 Nendtor, 2017

2 . Неколку отворени прашања за ресоцијализација на осудените лица ПРОМОВИРАЊЕ на одржлив преку создавање на општество на знаење, Пеќ, Република Косово, Година 4, бр. 4, 17-18 мај 2014 година.

3 . Механизми на внатрешната контрола на полицијата во Р. Македонија , Македонија и Балкан , еден сто години по првата Светска војна Безбедност и интеграција Атлантик, 3-5 јуни 2014 година во Охрид, Македонија.

4 . Социјалната структура и културното однесувањето во затворската заедница, Меѓународна научна конференција и Демократија, Државниот Универзитет - Тетово , 12.03.2014.

5 . Информативни разговори како посебна форма на собирање на информации од Граѓани , Меѓународна научна конференција и Демократија, Државниот Универзитет - Тетово , 12.03.2014.

1. Неколку отворени прашања за ресоцијализација на осудените лица ПРОМОВИРАЊЕ на одржлив преку создавање на општество на знаење, Пеќ, Република Косово, Година 4, бр. 4, 17-18 мај 2014 година.

2. Механизми на внатрешната контрола на полицијата во Р. Македонија , Македонија и Балкан , еден сто години по првата Светска војна Безбедност и интеграција Атлантик, 3-5 јуни 2014 година во Охрид, Македонија.

3. Социјалната структура и културното однесувањето во затворската заедница, Меѓународна научна конференција и Демократија, Државниот Универзитет - Тетово , 12.03.2014. 4. Информативни разговори, како и посебна форма на собирање на информации од Граѓани , конференција меѓународни научни правилото на закон и Демократија , Универзитет состојба на Тетово , 12.03.2014.

5. Историјата и правниот основ на Организацијата на пенитенцијарните Институции во Р. Македонија. Меѓународна интердициплинарна конференција : " Идентитет , слика и социјална кохезија во време интеграција и Глобализација ", ВлораАлбанија , 2627 ноември 2012 година.

Кандидатот доставува и позитивна оценка за самоевалуација.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, Комисијата цени кандидатот д-р Митасин Беќири ги исполнува условите за избор на наставник согласно Законот за високото образование. Врз основа на законските одредби кои се однесуваат за избор на наставник, а во согласност со Фраскатиева класификација на научните области предлогот се однесува на научното поле Јавна управа и администрација.

Согледувајќи ги сите релевантни факти, Комисијата смета дека кандидатот д-р Митасин Беќири има научен, стручен и педагошки капацитет за да биде избран за наставник по Јавна управа и администрација на Факултетот за правни науки.

Оттука, повикувајќи се на претходно изнесеното, согласно распишаниот конкурс, а врз основа на Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно - научни, наставно - стручни и соработнички звања на ФОН Универзитетот, Рецезентската Комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно – науниот совет на Факултетот за правни науки, да му предложи, **кандидатот д-р Митасин Беќири** да го избере во звање **Вонреден професор по Јавна управа и администрација.**

**РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА**

1. проф. д-р Стефан Буџакоски, с.р. – претседател на комисија

______________________________

2. проф. д-р Бајрам Положани, с.р.- член

______________________________

3. проф. д-р Татијана Ашталкоска Балоска, с.р.-член

______________________________

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА *КРИМИНАЛИСТИКА (КРИМИНАЛИСТИЧКА МЕТОДИКА)* НА ПРВ ПРИВАТЕН-ФОН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност при Прв приватен-ФОН Универзитет во Скопје, врз основа на Законот за високото образование и Статутот на Прв приватен-ФОН Универзитет, на седница одржана на *28.12.2017 година, во врска со објавениот конкурс за избор на наставник од областа на казнено процесно право и криминалистика во дневниот весник "Слободен печат" на ден 20.12.2017*, донесе одлука за формирање на комисија за избор на наставник од областа на казнено процесно право и криминалистика.

Рецензентската комисија во состав:

1. проф. д-р Стефан Буџакоски, Факултет за правни науки, ФОН Универзитет-претседател;
2. проф. д-р Татјана Ашталкоска-Балоска, Факултет за правни науки, ФОН Универзитет-член;
3. проф. д-р Татијана Велкова, Факултет за детективи и безбедност, ФОН Универзитет-член.

По разгледувањето на пристигнатите материјали, рецензентската комисија го поднесува следниов:

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во дневниот весник *"Слободен печат" од 20.12.2017 година, за избор на наставник од областа на казнено процесно право и криминалистика се пријави кандидатот д-р Самир Салиевски.*

*Податоци за кандидатот*

**Д-р Самир Салиевски** е родена на 16.09.1983 година во Охрид, Р. Македонија.

***<u>Образование</u>***

- Кандидатот д-р Самир Салиевски основното образование го заврши во о.у. "Григор Прличев" во Охрид во 1998 година. Средното образование го завршил во гимназијата "Св. Климент Охридски" во Охрид, со константно одличен успех. Кандидатот во 2002 година, се запишува на Правниот факултет "Јустинијан I" во Скопје, насока правни студии. Дипломирал во

Октомври 2006 година со просек 8.03 со што се стекнал со стручен назив – дипломиран правник. Во 2008 година се запишува на последипломски студии на Факултетот за правни науки при ФОН Универзитетот. По услушаните семестари, успешно ги полага предвидените испити со просечен успех 9.38. На 07.07.2010 година успешно ја одбранува магистерската теза на тема: "Заедничка казнена политика во законодавствата на државите членки на ЕУ и заедничка соработка во борбата против меѓународниот тероризам", под менторство на проф. д-р Стојмен Михајловски и комисија за оценка и одбрана во состав: проф. д-р Стефан Буџакоски, проф. д-р Стојмен Михајловски и доц. д-р Александар Чавлески со што се стекнува со звањето магистер на правни науки од областа на меѓународното право и право на ЕУ.

- Во Декември 2011-та година успешно му е прифатена темата за изработка на докторската дисертација на Правниот факултет "Јустинијан I" во Скопје. На ден 14.09.2017 година јавно го одбрани докторскиот труд под наслов "Доказна вредност на увидот во казнената постапка" под менторство на проф. д-р Гордана Бужаровска-Лажетиќ и комисија за оценка и одбрана во состав: Академик проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Гордан Калајџиев, проф. д-р Лазар Нанев, проф. д-р Методија Ангелески, и проф. д-р Гордана Бужаровска-Лажетиќ, со што се стекана со звањето доктор на правните науки.

- Кандидатот активно се служи со англискиот и српскиот јазик, а има познавања и од германскиот јазик. Одлично се служи со оперативните програми од Microsoft Office апликативниот пакет. Досега посетувал и обуки за пишување на правни документи.

- Работно и професионално искуство:

- Од 18. 10. 2006. година е ангажиран како демонстратор на Факултетот за правни науки при Фон Универзитетот на изведување на вежби по предметите Социологија на право, Уставно право, Финансово право, Административно право, Вовед во криминалистика, Криминалистичка техника, Криминологија.

- Со одлика на наставо-научниот совет на Факултетот за правни науки при Фон Универзитетот во јуни 2007 година е избран како помлад асистент во

областа на уставното право, и од тогаш е во редовен работен однос на Универзитетот.

- Со одлука на наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки при Фон Универзитетот во 2011 година е избран во соработничко звање асистент од областа на правните дисциплини. Изведува вежби по предметите Социологија на право, Уставно право, Граѓанско право, Стварно право, Административно право, Семејно и наследно право, Облигационо право, Организиран криминал, Вовед во криминалистика, Криминологија, Малолетничка деликвенција, Социјална патологија, Криминалистичка техника и по други предмети од наставните програми на Факултет за правни науки и Факултетот за детективи и безбедност при Универзитетот.

- За време на ангажманот на Факултетот за правни науки при Фон Универзитетот во периодот од 2008 до 2016 година кандидатот е и професор во Приватното средно училиште "5-та приватна гимназија" каде со успех ги предава предметите: Социологија, Конституционо уредување, Основи на право Право, Граѓанско образование.. Исто таке е вклучена во мноштвото проекти на ниво на Универзитетот.

***Кандидатот е автор/коавтор на следниве научни и стручни трудови објавени во земјава и во странство:***

- Temelko Risteski, Samir Salievski, Tanja Popova, Vesna Sijic, ***Special administrative procedures for the protection of the right to fridom of expression***, XIII th International conference "The teacher of the future" 26-28 May 2017 Budva, Montenegro;
- Samir Salievski, ***International cooperation in the fight against terrorism***, Visions-international social sciences magazine, number 28, 25 July 2017;
- Методија Ангелески, Самир Салиевски, ***Застапеноста на криминалистиката на правните факултети во Република Македонија***, Четврта меѓународна научна конференција "Општествените промени во глобалниот свет", Универзитет "Гоце Делчев"-Штип 06-07 Септември 2017;
- Самир Салиевски, ***Corporate crime***, XIV th International conference "The power of knowledge" 29.09.-01.10. 2017, Agia Triada, Thessaloniki, Greece.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Откако со внимание ја разгледа пријавата на пријавениот кандидат, со сите прилози, Рецензентската комисија констатира дека станува збор за кандидат кој ги исполнува условите да биде избран во наставник. Кандидатот е повеќе години асистент од научната област криминологија и криминалистика, каде што се покажа како исклучително вреден и одговорен соработник, кој со успех ги извршуваше дадените обврски.

Кандидатот д-р Самир Салиевски е доктор на правни науки при, има просек 8.03 на додипломски студии, 9,38 на researchplosmki студии, објавени 4 меѓународни научни трудови и позитивна оценка за самоевалуација за академската 2015/2016 година. Врз основа на законските услови, Комисијата едногласно констатира дека тој го исполнува условите што се потребни за избор во наставник.

Сето горенаведено за досегашното постигнато образование, педагошкиот однос со студентите како асистент, ангажманот по предметите како асистент од областа на криминалистиката, научниот придонес токму во оваа област Рецензентската комисија смета дека со право може да се предложи на Наставно-научниот совет на *Факултетот за детективи и безбедност*, при ФОН Универзитетот, да го избере кандидатот д-р Самир Салиевски за наставник **од областа на *криминалистиката (криминалистичка методика)*,** во звањето **доцент.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Стефан Буџакоски-претседател, с.р.

проф. д-р Татјана Ашталкоска-Балоска-член, с.р

проф. д-р Татијана Велкова-член, с.р.